## Промена на лимити за користење за деловни картички преку Интернет банка

Услугата за Промена на лимити за користење за деловни картички преку Интернет банка, Ви овозмозува промена на истите во текот на целата година без телефонски повици, без губење време и чекање , што го прави подостапно и поедноставно работењето со деловните картички.

**Напомена:** За да ја користите оваа услуга, задолшително е да имате USB-токен

**Дефиниции**:

- ***Дневен лимит на ATM*** - максимален износ на средства кои Корисникот на картичката може да ги користи дневно, на банкомат,
- ***Дневен лимит на POS -*** максимален износ на средства кои Корисникот на картичката може да ги користи дневно, во трговија,
- ***Дневно трансакции на ATM -*** максимален број на трансакции кои Корисникот на картичката може да ги користи дневно, на банкомат
- ***Дневно трансакции на POS -*** максимален број на трансакции кои Корисникот на картичката може да ги користи дневно, во трговија ,
- ***Лимити за поединечна трансакција -*** максимален износ на трансакција која Корисникот на картичката може да ја направи во трговија или на банкомат,
- ***Месечен лимит на ATM*** - максимален износ на средства кои Корисникот на картичката може да ги користи месечно, на банкомат
- ***Месечен лимит на POS -*** максимален износ на средства кои Корисникот на картичката може да ги користи месечно, во трговија
- ***Месечни трансакции на ATM -*** максимален број на трансакции кои Корисникот на картичката може да ги користи месечно, на банкомат
- ***Месечни трансакции на POS -*** максимален број на трансакции кои Корисникот на картичката може да ги користи месечно, во трговија

По успешното најавување се отвара страна на која се прикажани сите опции за работа и соодветни сметки за кои корисникот има претплата.

Со избирање на опцијата Администрирање на деловни платежни картички во полето прегледи се отвара страница



Со избор на полето Администрација на деловни платежни картички, се избира потребното Правно лице, каде што се отвараат сите типови на картички што ги поседува Правното лице




Со одбирање на соодветната картичка се отвара страна каде што може да сменат дневните лимити




Со кликање на плоето “**промени**” се врши измена на постојните лимити со внесување на други (број на трансакции и износ), и се кликнува полето “**потврди**“ за да се сочуваат промените. При кликање на полето потврди треба да се внесе пинот од USB-токен.

*Промените важат 30 дена од денот кога истате се направени. На пример ако промената е направена на 05.06.2012 истата ќе важи во наредните 30 дена.*

**Лица за контакт: Гордана Андреска, Александар Бузлевски и Николина Димитриевска.**
**Тел.02/3107-344,02/3107-568,02/3166-156**